# ПРИКАЗ НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МОНИТОРИНГ НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и Центарот за јавно здравје Кочани се први на листата на институции кои реактивно и проактивно не објавуваат информации од јавен карактер.

- Министерството за образование и наука во 2018 година се класифицираше како делумно транспарентна институција по однос на проактивно објавување на информации, а нетранспарентна институција по однос на реактивното објавување на информации од јавен карактер.

- Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Институтот за јавно здравје, Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Скопје во 2018 година проактивно нетранспарентни институции, но делумно транспарентни во однос на реактивноста.

- Министерството за финансии е единствена институција која е делумно транспарентна по однос на реактивноста и проактивноста.

- Владата на РМ, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи многу повеќе обезбедуваат информации по пат на постапките за пристап до информации од јавен карактер, отколку што објавуваат на својата интернет страна.

- Институтот за јавно здравје во 2018, во однос на 2017 година, продолжи со трендот на проактивно нетранспарентна институција, а покрај ова таа по однос на реактивноста го намали нивото падна на листата на делумно реактивни институции затоа што не одговори во редовна постапка на едно од примените барања.

- Центарот за јавно здравје Кочани, во 2018 како и во 2017 година, остана на листата на проактивно нетранспарентна институција, а од реактивно транспарентна се најде на листата на нетранспарентни институции затоа што не одговори на ниту едно од примените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Министерството за здравство; Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Скопје во 2018 година не бележат унапредување на ниту еден вид транспарентност во однос на 2017 година.

- По однос на реактивната транспарентност, 40 % од институциите предмет на оваа анализа се нетранспарентни, 40 % се делумно транспарентни и 20 % се транспарентни.
- По однос на проактивната транспарентност најголем број од институциите се бележат како проактивно нетранспарентни или 87 %, а останатите делумно транспарентни 13 %, додека проактивно транспарентни институции нема.
- Јавните институции во Република Македонија повеќе објавуваат информации од јавен карактер кога тие ќе бидат побарани од нив, отколку што самоиницијативно ги објавуваат на своите интернет страни.
- Се уште делумно се почитува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Институциите се уште не се доволно свесни за нивната обврска за објавување на буџетски и програмски документи и информации на нивните интернет страни кои треба да се јавно достапни до сите граѓани на државата.
- Јавните институции не само што не се доволно отворени за јавноста туку тие и го уназадуваат својот степен на отвореност.

Финансиски поддржано од:

## ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- **Владата на РМ да превземе итни мерки со кои ќе осигури дека сите јавните институции во Република Македонија ги имаат објавено сите 16 клучни буџетски и програмски документи кои се предмет на оваа анализа, со посебен фокус на пред буџетската изјава, извештаи за годишна и тековна буџетска реализација, годишни програми за работа, граѓански буџет, ревизорски извештаи и информации во отворен формат, а со тоа ќе овозможат зголемување на довербата од страна на граѓаните и зацврстување на својот интегритет.**

- **Да се подготви и спроведе план, во соработка со граѓанските организации, за јакнење на капацитетите на јавните институции за развивање и објавување на информации за своето програмско и буџетско работење.**

- **Владата на РМ да осигури дека сите јавни институции имаат капацитети за континуирано објавување на информации за своето програмско и буџетско работење.**

- **Владата на РМ да воспостави механизам за континуирано следење на обемот и видот на информации кои ги споделуваат јавните институции, со посебен фокус на институциите од здравствениот сектор и единиците на локална самоуправа кои се непосредни даватели на јавни услуги на граѓаните и институции кои најмалку објавуваат информации за своето работење.**

## ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- **Да се воспостави тело составено од независни членови, претставници на граѓански организации, кои ќе вршат ревизија на спроведените постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер кај секој од имателите на информации од јавен карактер, а врз основа на наодите од ревизијата ќе доставуваат препораки за унапредување на постапувањето по однос на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

- **Да се започне со практикување на казнените одредби од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.**

- **Да се развие и спроведе програма за обуки, во соработка со граѓанските организации од различни области, на сите вработени од јавните институции за обврските кои произлегуваат од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и начин на обезбедување на одговори по однос на добиените барања.**

- **Да се воспостави и спроведува методологија за континуирано следење и евалуација на спроведувањето на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

- **Да се направи увид во сите тековни политики со цел да се идентификуваат одредби кои го ограничуваат правото на граѓаните да добијат информации за работењето на јавните институции и да се елиминираат можностите за злоупотреби од страна на јавните институции.**

# I. ВОВЕД

Фискалната транспарентност е важен елемент за ефективно управување со јавните финансии. Таа помага во градењето на доверба на јавноста, во работењето на јавните институции и придонесува за одржливост во спроведувањето на јавните политики. Транспарентноста, исто така претставува и прозорец кон буџетското работење на државата, помагајќи ѝ на јавноста да ја повика власта на одговорност. Оценувањето на нивото на реактивната и проактивната транспарентност има за цел да утврди дали власта ги почитува основните критериуми за транспарентно работење утврдени со меѓународни и национални стандарди. Процесот на оценување опфаќа мерење на обемот на јавно достапните документи за буџетското и програмското работење на јавните институции и оценка на почитувањето на нормите предвидени во важечкиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер на Република Македонија.1

Овој документ го прикажува степенот на реактивна и проактивна транспарентност кај петнаесет[2] институции од јавниот и здравствениот сектор. Анализата направена има за цел да го прикаже нивото на отвореност на институциите за јавноста во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер и во објавувањето на информации и документи за нивното буџетско и програмско работење. Освен ова, целта на анализата е да даде препораки за унапредување на нивото на двата вида транспарентност со што ќе се овозможи населението да ја зајакне својата доверба во работата на Власта и јавните институции при што континуирано ќе биде информирано за законите и одлуките што го засегаат, и при тоа ќе се зајакне и интегритетот на Владата и јавните институции.

Реактивната транспарентност на институциите се мери преку анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер, за секоја институција поодделно. Работењето на секоја институција се оценува од аспект на шест параметри, и тоа: број на одговорени барања во редовна постапка; број на нецелосно одговорени барања во редовна постапка; број на одбиени барања или запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер; број на барања по кои имателите молчеле; просечен период на одговарање на доставени барања во редовна и жалбена постапка; и просечен период на добивање на одговор по поднесување на жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

Проактивната транспарентност на институциите се мери преку спроведување мониторинг на објавувањето или необјавувањето на клучни документи и информации, како: стратегија за работа, годишни програми, буџетски календар, пред-буџетска изјава, граѓански буџет, предлог буџет и усвоен буџет, предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот, буџетски документи во отворен формат (xml и excel), месечни извештаи за извршување на буџет, полугодишен извештај за извршување на буџет, завршната сметка на буџетот, ревизорскиот извештај, податоци за лицето назначено за посредување за информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

---

[1] Извор: https://bit.ly/2BlkdtA

[2] Овие петнаесет институции се опфатени и со двете анализи, односно анализата за нивото на реактивна и анализата за нивото на проактивна транспарентност за 2018 година и оттаму само тие беа предмет на анализа и споредба по однос на овие две прашања.

## II. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА РЕАКТИВНАТА И ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

Според наодите од спроведениот мониторинг на нивото на реактивна транспарентност кај петнаесет јавни институции во Република Македонија, 40 % од институциите се нетранспарентни, 40 % се делумно транспарентни и 20 % се транспарентни. Додека пак, по однос на проактивната транспарентност најголем број од институциите се бележат како проактивно нетранспарентни или 87 %, а останатите делумно транспарентни 13 %. Јавни институции кои се оценети како проактивно транспарентни институции не се идентификувани.

Во 2018 година, пет институции од мониторираните петнаесет, реактивно и проактивно не објавуваат информации од јавен карактер и во нив се вброија: Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и Центарот за јавно здравје Кочани. Овие институции не ги обезбедуваат навремено информациите кои што се побарани од нив, и проактивно не го исполнуваат минималниот степен на документи и информации кои што треба да бидат достапни на нивната интернет страна, односно објавуваат помалку од 40 % значајни документи за своето буџетско и програмско работење.

Министерството за образование и наука во 2018 година делумно објавило информации од јавен карактер на својата интернет страна (над 40 % или вкупно 7 документи), но не одговорило во редовна постапка на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Затоа оваа институција се најде на по однос на реактивната транспарентност се најде на листата на не транспарентни институции, а според проактивноста таа се најде на листата на делумно транспарентни.

Според наодите од анализата, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Институтот за јавно здравје, Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Скопје во 2018 година се проактивно нетранспарентни институции, но делумно реактивно транспарентни. Тие не го достигнуваат минималниот број на документи објавени на нивните интернет страни, но делумно одговараат на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Единствена институција која во 2018 година, како и во претходната, се најде на листата на делумно транспарентни институции според реактивноста и проактивноста е Министерството за финансии. Оваа институција не одговорила на едно барање за пристап до информации од јавен карактер во редовна постапка, но на интернет страната објавува 75 % од своите буџетски и програмски документи и информации.

На листата на реактивно транспарентни институции, а проактивно нетранспарентни се најдоа Владата на РМ, Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи. Овие институции многу повеќе обезбедуваат информации по пат на постапките за пристап до информации од јавен карактер, отколку што објавуваат на својата интернет страна. Овие институции одговориле на примените барања во редовна постапка и во предвидениот рок, но на своите интернет страни објавуваат помалку од 40 % од предвиденото.

При споредба на податоците од спроведениот мониторинг во 2018 и 2017 година, може да се забележи дека Институтот за јавно здравје во 2018 продолжи со трендот на проактивно нетранспарентна институција, а покрај ова таа по однос на реактивноста го намали нивото падна на листата на делумно реактивни институции затоа што не одговори во редовна постапка на едно од применитe барања. Понатаму, Центарот за јавно здравје Кочани, во текот на двете години остана на листата на проактивно нетранспарентна институција, а од реактивно транспарентна се најде на листата на нетранспарентни институции затоа што не одговори на ниту едно од применитe барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Додека пак, унапредување на нивото на транспарентност во 2018 година во однос на претходната не се бележи кај Министерството за здравство, Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Скопје. (Види Табела 1)

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

★ **НЕТРАНСПАРЕНТЕН**
нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата

★ **ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН**
делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 – 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 – 1% нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата

★ **ТРАНСПАРЕНТЕН**
транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 – 0,1 % нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесувањето на барањата

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**
институцијата што има освоено под 6 поени, или што објавила помалку од 40% од мониторираните документи

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**
институцијата што има освоено меѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41-75% од мониторираните документи

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**
институцијата што има освоено помеѓу 12 и 16 поени или има објавено над 75% или скоро сите мониторирани документи

**Табела 1.**
Сумарна оценка на реактивната и проактивната транспарентност на петнаесет институции од јавниот и здравствениот сектор

| | Оцена на нивото на реактивна транспарентност (1) | Оцена на нивото проактивна транспарентност (2) |
|---|---|---|
| **Министерство за здравство** | ★ (red) | ★ (red) |
| **Министерство за труд и социјална политика** | ★ (red) | ★ (red) |
| **Министерство за култура** | ★ (red) | ★ (red) |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | ★ (red) | ★ (red) |
| **Центар за јавно здравје Кочани** | ★ (red) | ★ (red) |
| **Министерство за образование и наука** | ★ (red) | ★ (yellow) |
| **Министерство за правда** | ★ (yellow) | ★ (red) |
| **Министерство за транспорт и врски** | ★ (yellow) | ★ (red) |
| **Институт за јавно здравје** | ★ (yellow) | ★ (red) |
| **Здравствен дом Скопје** | ★ (yellow) | ★ (red) |
| **Центар за јавно здравје Скопје** | ★ (yellow) | ★ (red) |
| **Министерство за финансии** | ★ (yellow) | ★ (yellow) |
| **Влада на РМ** | ★ (green) | ★ (red) |
| **Министерство за надворешни работи** | ★ (green) | ★ (red) |
| **Министерство за внатрешни работи** | ★ (green) | ★ (red) |